Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр 08 - 920/8
29. 11. 2024 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ( Службен весник на Република Македонија бр. 111/2008, 64/2009, 88/2010, 130/2010, 23/2011, 53/2011, 47/2012, 80/2012, 163/2013, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 174/2021), член 41 од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Македонија бр. 68/2004,71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 140/2010, 51/2011, 6/2012, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 27/2014, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 174/2021 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Градско (Сл. гласник на Општина Градско бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Градско, Советот на Општина Градско на седницата одржана на 29.11.2024 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата на Општина Градско за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини, отворените простори на јавните објекти и парковските површини и градското зеленило заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини, отворените простори на јавните објекти и парковските површини, чистењето на снегот и мразот во зимски услови, како и уредување на зелените површини.

Со оваа програма се утврдува:
Се утврдува површината, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини, отворените простори на јавните објекти и парковските површини и уредување на градското зеленило;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за вршење на одржување на јавната чистота;
- Се утврдува надзор во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота во Општина Градско ќе ги опфати:
-јавните површини (улици, тротоари, плоштади, уредени отворени простори, паркинг простори, автобуски стојалишта, јавни санитарни јазли, пазари.
- парковските површини и градско зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:
- рачно метење на јавните површини;

- миење на јавните површини со цистерна;
-собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија;
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови
- уредување на зеленило (градски парк и градско зеленило).

**4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за одржување на јавна чистота ќе ја изведува ЈКП ,,Клепа,, Градско

**5. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

5.1 *Метење и перење на јавните површини*

1.- метење на централното градско подрачје утврдено со оваа програма секој ден освен недела ( дел од ул: Александар Македонски, Плоштад, Паркинг простории и тротоари), од 07 до 14 часот.
Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
- перење (со цистерна) еднаш седмично (во зимски период по потреба).

2.- метење на останатите улици во Градско утврдени со ГУП еднаш во седмицата, од 07 до 14 часот.
Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
- перење (со цистерна) еднаш месечно (во зимски период во зависност од временските услови).

3.- метење на влезни улици и централните подрачја во останатите населени места еднаш во неделата, од 07 до 14 часот.
Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
- перење (со цистерна) еднаш месечно (во зимски период во зависност од временските услови).

4.- метење на парковски површини во градски парк (патеки, пристапни скали, трибини – театар и игралиште, игралиште) двапати во седмицата, од 07 до 14 часот.
Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
- перење (рачно со црево) еднаш неделно (во зимски период по потреба)

5.1.1. ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ
*Ефективна површина – 7.760 м2*

Опфаќа: дел од ул. Александар Македонски (од домот на културата ,,Крсте Петков Мисирков,, до спој со улица Илинденска, дел од ул.8 Ноември до спој со ул. 8 септември (4 Јули), дел од ул. Илинденска до спој со ул. 8 Септември, дел од ул. Никола Карев до спој со ул. 8 Септември, влези отворен простор на општината, паркинг просторите, плоштадот, автобуските стојалишта, тротоарите и плочникот покрај градскиот парк.)

5.1.2. УЛИЦИ – ОПИС
*Ефективна површина – 23.230 м2*

- Александар Македонски: од спој со ул. Никола Карев до бензинска пумпа **830 м2**
- 8 септември (4 Јули):од влез ,,Капетанови куќи,, до фудбалското игралиште **8.380 м2**
- 11 Октомври: од спој со ул.Гоце Делчев до спој со ул.Панко Брашнаров(ЈНА) **3.500 м2**
- Борис Трајковски (29 Ноември): од спој со ул. Гоце Делчев до излез од Градско спрема ,,Стопанство,, **4.000 м2**
- Илинденска: од централно градско подрачје **2.200 м2**

- Гоце Делчев: од спој со ул. Александар Македонски до спој со ул .Борис Трајковски **800 м2**
- Никола Карев: од спој со ул.Александар Македонски до спој со ул.Борис Трајковски **725 м2**
- Питу Гули: од спој со ул. 8 Септември до спој со ул. Борис Трајковски **720 м2**
- 8 Ноември: од спој со ул. Александар Македонски до спој со ул. Борис Трајковски **700 м2**

5.1.3. ОСТАНАТИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Влезни улици и централни подрачја на останатите населени места: Уланци, Старо Градско, Виничани, Ногаевци, Водоврати, Кочилари, Д.Чичево, Г.Чичево и Подлес.

5.1.4. ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ

*Ефективна површина – 1.300 м2*
- патеки и останати поплочени површини
- бетонски трибини за седење (театар и игралиште)
- игралиште (асфалтирано)
- пристапни скали

## 6. РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ

Во зимскиот период доколку паѓа снег наместо ставка 5.1.1 од оваа програма, изведувачот е должен рачно да го исчисти снегот на плоштадот, улиците и тротоарите.

Рачно чистење на снегот и мразот ќе го опфати централното градско подрачје: дел од ул. Александар Македонски (од дом на култура ,,Крсте Петков Мисирков,, до спој со ул. Илинденска, дел од ул. 8 Ноември до спој со ул. 8 Септември, дел од ул. Илинденска до спој со ул. 8 Септември, дел од ул. Никола Карев до спој со ул. 4 8 Септември, влез и отворен простор на општината, паркинг просторите, плоштадот, автобуските стојалишта, тротоарите и плочникот покрај градскиот парк.)

## 7. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО

Уредувањето и одржувањето на градското зеленило ќе се врши со засадување на цвеќе, украсни дрвја и трева, косење и поливање на засадената трева, кастрење и полевање на засадените дрвја во градскиот парк, зелениот појас на плоштадот и зелените појаси во населбата и останатите населени места.

*Ефективна зелена површина за одржување – 3.630 м2*
- зелена површина во градскиот парк
- зелена површина на плоштад
- зелени површини на ул. Александар Македонски

## 8. ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈКП ,,Клепа,, Градско е должен да постапува по издадените решенија од општинскиот комунален инспектор и овластен инспектор за животна средина за чистење на мини – депонии и јавни површини кои се надвор од програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано отпад од непознато потекло.

ЈКП ,,Клепа,, Градско ќе врши чистење на просторот веднаш по завршување на манифестации кои ги организира општина Градско.

## 9. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во оваа програма предвидено е вкупно годишно одржување на јавните површини и тоа: 32.090 м2, рачно чистење на снег и мраз во зимски услови: 7.560 м2, уредување на градско зеленило 3.630 м2.

Вкупната површина за годишно одржување на јавните површини изнесува: 37.120 м2. За одржување на оваа површина, со обем и фреквенција предвидени во програмата потребни се: 500.000,00 денари.

Активностите утврдени со оваа програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота, кој согласно Законот за јавна чистота се средства на општината наменети за финансирање на одржување на јавната чистота.

Висината на надоместокот е утврден со Одлуката за висина на надоместкот за оджување на јавна чистота во Општина Градско врз основа обемот и активностите предвидени со оваа програма.

Надоместокот ќе го плаќаат домаќинствата и правните субјекти корисници на јавните површини (893 домаќинства и 82 правни субјекти).

За финансирање на оваа програма општина Градско ќе склучи договор со ЈКП ,,Клепа,, Градско.

## 10. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведувањето на оваа програма врши општинскиот комунален инспектор. За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до општина Градско да доставува месечни извештаи а на крајот од годината и годишен извештај до Градоначалникот и Советот на општина Градско.

## 11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма стапува на сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник,, на општина Градско.

Совет на Општина Градско
Претседател
____________________
Мирјана Ѓорѓиева